# Обраќање на МО Славјанка Петровска по повод –

# Ден на баталјонот за специјални сили

# 01.03.2022 – Касарна Илинден

Почитуван генерал Нуредин,

Почитувани офицери, подофицери и војници

Почитувани претставници на медиумите,

Почитувани гости,

Ми претставува особена чест и задоволство да ви се обратам Вам, на најдобрите меѓу најдобрите по повод одбележувањето на 28 годишнината од формирањето на специјалните единици во составот на Армијата.

Со формирањето на специјалните сили се означи и почетокот на професионализација на Армијата, која денес е целосно спроведена и секогаш подготвена да биде гаранција на територијалниот интегритет и суверенитет на нашата држава.

Баталјонот за специјални сили, како што денес е именуван со последната трансформација, а повеќе познат меѓу нашите граѓани како „Волци“ е единица во која сите припадници, независно дали е војник или старешина, поминуваат низ еден процес на селекција кој вклучува специфични критериуми и каде се бара највисок степен на психофизичка подготвеност. Токму благодарение на овие исполнети критериуми кои ги поседувате, Вие сте првата единица која по членството во НАТО успешно го заврши процесот на оценување на борбена готовност и со тоа станавте првата единица која ги исполни строгите стандарди на НАТО во оценувањето на обученоста. Оценувањето кое се спроведе во две фази, најнапред дома, а потоа и во Република Грција покажа дека вашата единица е достојна за почит и со оцена „Борбено подготвени“. Со ова вие не само што покажувате дека е соодветно избрано мотото на единицата „Секогаш и секаде први“, вие сте секогаш подготвени да продолжите да вложувате во своите способности и знаења, а тоа е видливо по вашиот професионализам, резултатите и многубројните признанија кои ги добивате од вашите колеги ширум Алијансата.

Токму и тоа ни дава за право да очекуваме дека ќе бидете првата единица која ќе ги исполни и критериумите предвидени според НАТО целите за способност. Вие со вашите стекнати знаења и вештини сте пример за останатите ваши колеги од останатите единици, со што давате еден голем придонес во севкупната борбена готовност на Армијата на претстојните оценувања согласно НАТО стандардите. Впрочем такво оценување ќе има веќе на почетокот на наредниот месец на вежбата „Блесок 22“, каде ќе се оценува борбената готовност на Лесниот пешадиски баталјон согласно Стандардите за оценување на Здружената команда за операции на НАТО.

Како министерка за одбрана ќе продолжам да се заложувам за унапредување на условите за работа, подобрување на животниот стандард и за се она што вам ви е потребно за подобро и поуспешно извршување на мисиите и задачите, затоа што вие, нашите припадници го заслужувате тоа. Сите вие кои ја носите оваа униформа, со години наназад докажувате дека е гордост да се носи униформата на Армијата на Република Северна Македонија и секогаш сте подготвени да им помогнете на своите граѓани и на државата. Токму и затоа ја имате најголемата доверба од граѓаните.

Уште еднаш Ви го честитам денот на единицата и ви посакувам да продолжите по патот на успехот.

Да живее баталјонот за специјални сили,

Да живее Армијата,

Да живее Република Северна Македонија

Ви благодарам.